# ПРИМЕНА НА НАЧЕЛОТО НА СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ: ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

**ноември 2013**

Оваа публикација е испечатена во рамките на проектот БОНА МЕНТЕ: Подобрување на вклученоста на немнозинските заедници на локално ниво преку Комисиите за односи меѓу заедниците

Издавачи

Здружение Институт за развој на заедницата

Заедница на единиците на локалната самоуправа на РМ- ЗЕЛС

За издавачот

Сретен Коцески, извршен директор ИРЗ

Душица Перишиќ, извршен директор ЗЕЛС

Автор

Гордана Величковска

Лектура на македонски јазик

Бобан Карапејовски

Превод

албански јазик- Бурим Мурати

англиски јазик- Гордана Величковска

Дизајн

ПАН

“Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на проектниот тим и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.”

# Содржина

**I. Вовед**

**II. Методологија**

**III. Резултати од униваријатните анализи**

**IV. Резултати од биваријатните анализи**

**V. Заклучоци**

а. Заклучоци од униваријатните анализи

б. Заклучоци од биваријатните анализи

**Библиографија**

**Анекс: Прашалник**

# Предговор

Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Македонија (ЗЕЛС) и Институтот за развој на заедницата (ИРЗ) го реализираат проектот „БОНА МЕНТЕ: Подобрување на вклученоста на немнозинските заедници на локално ниво преку Комисиите за односи меѓу заедниците“. Проектот трае до јануари 2014. Во рамките на овој проект, во периодот септември – октомври 2013, беше спроведено истражување на тема: „Примена на начелото на соодветна и правична застапеност“. Целта беше да се истражат мислењата на припадниците на македонската, албанската, турската, влашката, српската, ромската и на бошњачката етничка заедница за примената на начелото на соодветна и правична застапеност во однос на нивните заедници.

Направената анализа на ова истражување е претставена во оваа публикација и дава преглед на мислењата на припадниците на македонската, албанската, турската, влашката, српската, ромската и на бошњачката етничка заедница за примената на начелото на соодветна и правична застапеност во однос на нивните заедници. Со ова сакавме да придонесеме кон стручната и јавна дебата околу примена на ова начело и, истовремено, да иницираме позитивни движења кон подобрување на положбата на етничките заедници во Република Македонија.

Публикацијата е наменета за граѓаните на Република Македонија, државните институции, единиците на локалната самоуправа, стручната јавност, Комисиите за односи меѓу заедниците, меѓународните институции, како и за сите оние што се заинтересирани за оваа област.

Во иднина, ЗЕЛС и ИРЗ ќе продолжат со континуирани иницијативи, проекти и истражувања за подобрување на положбата на етничките заедници во Република Македонија, како и преземање активности за информирање и едукација на пошироката јавност за важноста на почитувањето на правата на сите етнички заедници при градењето на демократско општество.

Голема благодарност до Европската Унија, која финансиски го поддржа проектот и издавањето на оваа публикација.

# I. Вовед

На 8 септември 1991 Република Македонија спроведе референдум на кој граѓаните се изјаснија за самостојна Република Македонија. На референдумнот учествуваа 75% од целокупното избирачко тело во Република Македонија и 95% гласаа за независност. Следен чекор за засилување на државата беше усвојувањето на Уставот на Република Македонија од страна на Собранието на 17 ноември 1991 година. Од републиките на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, единствено Република Македонија ги избегна крвопролевањата на патот кон добивање независност од поранешната федерација. Република Македонија се сметаше за една од светлите точки од поранешна Југославија[1].

На 8 април 1993 Република Македонија стана членка на Обдинетите нации, а во 1995 стана членка на Советот на Европа. Интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија и во НАТО е стратегиска определба од самото осамостојување, затоа посебно внимание беше посветено на исполнувањето на предусловите за постигувањето на оваа цел.

Сепак, 90-тите може да се опишат како период на предизвици за Република Македонија. Во овој период се случуваа војни на просторите на поранешна Југославија, проследени со бран бегалци кон Република Македонија. Посебно треба да се одбележи приливот на бегалци за време на косовската криза. Понатаму, Македонија се соочи со економско ембарго од страна на Република Грција и санкции од ОН кон Република Србија, кои имаа директно влијание на нејзината економска состојба. Исто така, како резултат на спорот за името на Република Македонија со Република Грција (кој и денес постои), ова беше период на интензивни дипломатски напори за признавање на Република Македонија од страна на другите држави и зачленување во важни глобални и регионални организации[2].

Мултиетничкиот карактер на Република Македонија може да се види од резултатите од пописот последно спроведен во 2002. Етничката структура на Република Македонија е составена од 64,8% Македонци, 25,17% Албанци, 3,85% Турци, 2,66% Роми, 1,78% Срби, 0,84% Бошњаци, 0,48% Власи и 1,04% „други“[3]. Заштитата и промоцијата на правата на малцинствата се од суштинско значење за постоењето и успешното функционирање на мултикултурните општества. Овде терминот „малцинство“ е употребен во согласност со

---

[1] Mickey, Robert W., Adam Smith Albion, Success in the Balkans? A Case Study of Ethnic Relation in the RM, in Iam M. Cuthberson and Jane Leibowith (eds.) *Minorities: The New Europe's Old Issue*, Institute for East West Studies, New York, 1993, стр. 58

[2] Котевска, Билјана. *Ефективно политичко учество на помалите етнички заедници во локалната самоуправа во Република Македонија: влијание на Охридскиот рамковен договор*, Студиорум, Скопје, стр. 9-10

[3] Вкупно население, домаќинства и станови, Вкупно население според изјаснувањето за националната припадност, мајчиниот јазик и вероисповеста, Книга X, 2002, достапно на: http://www.stat.gov.mk/publikacii/knigaX.pdf

дефиницијата на Франческо Капоторти, која е најшироко прифатена. Според него, малцинство е група инфериорна по број во однос на остатокот од населението на државата, која е во недоминантна позиција, чии членови споделуваат етнички, религиозни и лингвистички карактеристики што се разликуваат од оние на остатокот на населението и покажуваат, барем имплицинтно, чувство на солидарност насочено кон зачувувањето на нивната култура, традиции, религија и јазик[4].

Охридскиот рамковен договор беше потпишан на 13 август 2001 од страна на лидерите на четрите најголеми политички партии во тоа време: две му припаѓаа на македонскиот политички блок (Внатрешна македонска револуционерна организиција – Демократска партија за македонско национално единство – ВМРО-ДПМНЕ и Социјалдемократскиот сојуз на Македонија – СДСМ) и две партии од албанскиот политички блок (Демократска партија на Албанците –ДПА и Партија за демократски просперитет – ПДП)[5]. Договорот беше потпишан под покровителство на претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски, и со посредништво на претставникот на ЕУ, Франсоа Леотар, и претставникот на САД, Џејмс Пердју[6]. Како резултат на потпишувањето на овој договор, правниот и политичкиот контекст во Република Македонија е битно променет.

Покрај основните принципи и одредбите за прекин на непријателствата, Охридскиот рамковен договор предвидува реформи во областите на децентрализацијата, недискриминацијата и правичната застапеност, посебни парламентарни процедури во насока на заштита од мајоризација, образование на мајчин јазик, користењето на јазиците и изразување на идентитетот[7].

Начелото на правична застапеност било од централно значење за време на преговорите за Охридскиот рамковен договор[8]. Ова начело е разработено во делот 4, насловен *Недискриминација и правична застапеност*. Недискриминацијата е обработена во делот 4.1., во кој се наведува дека целосно ќе се почитува принципот на недискриминација и рамноправен третман на сите лица пред законот. Овој принцип особено ќе се применува во однос на вработувањата во јавната администрација и во јавните претпријатија[9].

Правичната застапеност беше адресирана во делот 4.2., при што се предвидува дека во законите со кои се регулираат вработувањата во јавната администрација ќе бидат

---

[4] http://www.ohchr.org/EN/Issues/Minorities/Pages/internationallaw.aspx

[5] Malevska, Mirjana. Painful Confrontations, *New Balkan Politics, Vol. 4/5*, Peace and Democracy Center: “Ian Collins”, Skopje, 2002, стр. 165

[6] Engstrom, Janny. Multiethnicity or Binationalism? The Framework Agreement and the Future of the Macedonian State, *the European Book on Minorities Issues, Vol.1*, 2001/2, Kluwer Law International, 2003, pp 10

[7] Ohrid Framework Agreement, 13 August 2001, достапно на: http://www.ucd.ie/ibis/filestore/Ohrid%20Framework%20Agreement.pdf

[8] Бошковски, Донче. *Спроведување на правата на заедниците - практики, механизми и заштита*, ОБСЕ, Скопје 2012, стр. 11

[9] Ohrid Framework Agreement, 13 August 2001, достапно на: http://www.ucd.ie/ibis/filestore/Ohrid%20Framework%20Agreement.pdf

содржани мерки со кои ќе се обезбеди правична застапеност на заедниците во сите централни и локални јавни тела и на сите нивоа на вработување во тие тела, истовремено почитувајќи ги правилата за компетентност и интегритет според кој се раководи јавната администрација. Понатаму, властите ќе преземат активности за да ја коригираат постојната нерамнотежа во составот на јавната администрација, особено преку вработување припадници на заедниците со недоволна застапеност. Особено внимание ќе се посвети на тоа да се обезбеди, колку е можно побрзо, полициските служби генерално да го одразат составот и распределбата на населението во Македонија[10].

Во Анексот А на Рамковниот договор беа предложени уставни амандмани на Уставот од 1991, во нив беше содржан и членот 8, кој утврдува дека темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:

- основните слободи и права на човекот и граѓаните признати во меѓународното право и утврдени со Уставот; оваа одредба веќе постоеше во Уставот од 1991;
- *правична застапеност на лица кои припаѓаат на сите заедници во јавните органи на сите нивоа и во други области од јавниот живот*; ова одредба беше новина;

Следуваше фазата на имплементација на Охридскиот рамковен договор[11]. Најпрво беа усвоени петнаесет уставни амандмани, кои беа проследени со низа законски промени во кои беа вклучени и одредби што се однесуваа на начелото на соодветна и правична застапеност.

**Устав** - Со амандманот VI се воведе начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните што им припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и во другите јавни институции на сите нивоа[12]. Може да се забележи дека овој амандман претрпе промени во однос на тоа како беше предложен во Охридскиот рамковен договор, односно „правичната застапеност“ беше модифицирана да гласи „соодветна и правична застапеност“.

Со амандманите XXIX и XXX се гарантира спроведувањето на ова начело во судскиот систем, поточно се утврдува дека при изборот на судиите, судиите-поротници, претседателите на судовите и јавните обвинители ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните што им припаѓаат на сите заедници[13].

---

[10] Ohrid Framework Agreement, 13 August 2001, достапно на: http://www.ucd.ie/ibis/filestore/Ohrid%20Framework%20Agreement.pdf

[11] Извештај по однос на состојбата за имплементација на сите политики што призлегуваат од Охридскиот рамковен договор, Секретеријат за спроведување на Охридски рамковен договор, Влада на Република Македонија, Скопје, 2012, стр.12

[12] Амандман VI, Устав на Република Македонија, 2001, достапно на: http://www.sobranie.mk/?ItemID=A431BEE83F63594B8FE11DA66C97BEAF

[13] Амандман XXIX и XXX, Устав на Република Македонија, 2001, достапно на: http://www.sobranie.mk/?ItemID=A431BEE83F63594B8FE11DA66C97BEAF

**Законска рамка** - Начелото на соодветна и правична застапеност е вградено во голем број законски и подзаконски акти што регулираат различни области на општествениот живот[14]. Во областа на правосудството начелото на соодветна и правична застапеност се применува при изборот на судии и судии-поротници[15], јавни обвинители[16], при вработување во стручната служба на јавното обвинителство[17] и вработување во судската служба[18]. Ова начело се применува и во рамки на Академијата за судии и обвинители на различни нивоа, односно како при изборот на органите и телата така и при изборот на кандидатите.

Понатаму, начелото на соодветна и правична застапеност се применува при вработувањето на државните и на јавните службеници, при што вработувањето се спроведува низ транспарентна постапка и врз основа на критериумите на стручност и компетентност[1920]. Законот за државни службеници утврдува и обврска за органите на државната управа за донесување на годишни планови за соодветна и правична застапеност. Годишните планови ја прикажуваат моменталната состојба на ова поле, плановите за вработување, стручно усовршување и обука, како и проценка на финансиските импликации за реализација на планираното[21].

Начелото се применува и при изборот на стручни соработници, воспитувачи и друг наставен кадар во основното образование[22] и во јавните средни училишта[23]. Конечно, министерот за култура може да формира тела, односно да именува надворешни соработници земајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на сите заедници[24].

Законот за локална самоуправа донесен во 2002 исто така се осврнува на застапеноста на заедниците при вработувањето во општинската администрација и во јавните служби што

---

[14] Понудената листа не претендира да биде сеопфатна, туку да послужи како илустрација за вклучување на начелото на соодветна и правична застапеност во законодавство на Република Македонија.
[15] чл.43. Закон за судовите, Службен весник бр.58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/20120
[16] чл.43. Закон за јавно обвинителство, Службен весник бр.150/2007, 111/2008
[17] Ibid. чл.76
[18] чл.6. Закон за судска служба, Службен весник бр.98/2008, 161/2008, 6/2009, 150/2010
[19] чл.12. Закон за државни службеници, Службен весник бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008, 6/2009, 114/2009, 35/2010, 167/2010, 36/2011, 6/2012, 24/2012
[20] чл.6. Закон за јавни службеници, Службен весник бр. 52/2010, 36/2011, 6/2012, 24/2012
[21] Правилник за содржината на годишниот план за соодветна и правична застапеност на заедниците, Министерство за информатичко општество и администрација. 2011. достапно на: ttp://www.ads.gov.mk/WBStorage/Files/pravilnik_pravicna_zastapenost_zaednicite_js_61_2011.pdf
[22] чл.82. Закон за основно образование, Службен весник бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012)
[23] чл.60. Закон за средно образование, Службен весник бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012
[24] чл.11. Закон за култура, Службен весник бр. бр.31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012

ги основала општината. Од овој закон произлегува обврската да се води сметка за соодветната и правична застапеност на граѓаните што им припаѓаат на сите заедници застапени во општината на сите нивоа, при што треба да се почитуваат критериумите на стручност и компетентност[25]. На локално ниво, градоначалниците имаат примарна одговорност за имплементација на начелото на соодветна и правична застапеност. Сепак, и Советите на општините имаат ингеренции во овој поглед, преку донесување одлуки и правила за унапредување на ова начело[26].

Според Владата на Република Македонија начелото на соодветна и правична застапеност има за цел остварување на учество на припадниците на сите заедници во сите области на јавната сфера, како предуслов за изградба на модерна, граѓанска држава, стабилност во земјата и социјална кохезија[27].

Најважни институции за стратегиско планирање, примена и надзор на примената на начелото на соодветна и правична застапеност на државно ниво се: Народниот правобранител, Секретаријатот за примена на рамковниот договор, Комитетот за односи меѓу заедниците и Агенција за остварување на правата на заедниците[28].

**Народен правобранител** - Со амандманот XI на Уставот на Република Македонија и Законот за Народен правобранител на Народниот правобранител му се даде клучна надлежност за следење на степенот на спроведување на начелото на соодветна и правична застапеност[29]. Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните што им се повредени од органите на државната управа, како и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Народниот правобранител посветува особено внимание на заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби[30][31].

Секое лице што смета дека неговите права поврзани со начелото на соодветна и правична застапеност се повредени може да поднесе претставка до Народниот правобранител.

---

[25] Чл. 59. Закон за локална самоуправа, Службен весник 5, 2002

[26] Котевска, Билјана. *Ефективно политичко учество на помалите етнички заедници во локалната самоуправа во Република Македонија: влијание на Охридскиот рамковен договор*, Студиорум, Скопје, 2011, стр. 53

[27] Извештај по однос на состојбата за имплементација на сите политики што призлегуваат од Охридскиот рамковен договор, Секретеријат за спроведување на Охридски рамковен договор, Влада на Република Македонија, Скопје, 2012, стр.18

[28] Постојат и други институции што имаат ингеренции за начелото на соодветна и правична застапеност, како на пример Државниот управен инспекторат.

[29] Извештај за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2012 година, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје, 2013. стр. 2

[30] Амандман XI, Устав на Република Македонија, 2001, достапно на: http://www.sobranie.mk/?ItemID=A431BEE83F63594B8FE11DA66C97BEAF

[31] чл.2. Закон за Народен правобранител, Службен весник бр. 60/2003, 114/2009

Народниот правобранител може да поведе постапка и по сопствена иницијатива, доколку смета дека правата на граѓаните се повредени[32], при што треба да прибави согласност од оштетениот во однос на кого е повредено начелото на соодветна и правична застапеност[33].

Претставката со која се иницира постапката нема пропишана форма, и таа може да се поднесе писмено или усно. Подносителот на претставката е ослободен од плаќање такси за постапката пред Народниот правобранител[34]. Народниот правобранител е должен да ја почитува приватноста и тајноста на податоците што се однесуваат на подносителот[35].

Поради испитување на претставката, Народниот правобранител има надлежност да побара потребни објаснувања, информации, докази за наводите во претставката, да повика на разговор службено лице, да побара мислења од научни и стручни институции, да влезе во службените простории и да изврши увид во предметите и работите од надлежност на органите кон кои постапува, како и да преземе други дејства и мерки определени со закон или со друг пропис[36].

Кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на подносителот на претставката од органите во однос на кои тој има надлежност, тогаш може да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди; да предложи повторно да се спроведе определена постапка во согласност со законот; да иницира поведување на дисциплинска постапка против службено, односно одговорно лице и да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за отворање постапка поради утврдување казнена одговорност[37].

Покрај овие механизми, предвидено е информирањето во врска со напредокот во спроведувањето на начелото на соодветна и правична застапеност да се одвива преку годишен извештај на Народниот правобранител за соодветна и правична застапеност во јавниот сектор[38]. Од 2007 година Народниот правобранител редовно ги подготвува овие извештаи, кои потоа ги доставува до сите надлежни институции, а, исто така, и ги објавува за да бидат достапни до пошироката јавност. Истражувањето се спроведува во сите институции за кои Народниот правобранител има законска надлежност, односно во

---

[32] чл.13. Закон за Народен правобранител, Службен весник бр. 60/2003, 114/2009
[33] Ibid. чл.21
[34] Ibid. чл.16
[35] Ibid чл.16
[36] Ibid чл.24
[37] Ibid. чл.32
[38] Извештај по однос на состојбата за имплементација на сите политики што призлегуваат од Охридскиот рамковен договор, Секретаријат за спроведување на Охридски рамковен договор, Влада на Република Македонија, Скопје, 2012, стр.18

органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби[39].

**Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** - За успешно спроведување на Охридскиот рамковен договор, Владата на Република Македонија во 2004 година формира Секторот за спроведување на Охридскиот рамковен договор во состав на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, на чие чело е еден од вицепремиерите на Владата на Република Македонија. Со цел побрзо и сеопфатно реализирање на Охридскиот рамковен договор се пристапи кон проширување на активностите на Секторот, како резултат на што тој се трансформира во 2007 година во Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, кој започна да функционира во 2008 година[40].

Како една од надлежностите на Секретаријатот е наведено следењето и подобрувањето на соодветната и правична застапеност. Понатаму, улога на Секретаријатот е да ѝ дава поддршка на Владата во реализацијата на стратегиските приоритети што призлегуваат од Охридскиот рамковен договор, а особено за обезбедување на соодветната и правичната застапеност на граѓаните што им припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и во другите јавни институции[41].

Во 2007 Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор донесе стратегија за соодветна и правична застапеност на немнозинските етнички групи. Стратегијата содржи мерки и активности што треба да се преземат за да се постигне подобрување на соодветната и правична застапеност на сите етнички заедници во јавните и во државните институции во Република Македонија. Долгорочно, стратегијата цели кон постигување вкупниот број на вработени во министерствата, подрачните единици на министерствата и во општините да кореспондира со резултатите од пописот[42].

**Комитет за односи меѓу заедниците** – Основањето и надлежностите на Комитетот за односи меѓу заедниците е регулиран со амандманот XII на Уставот и Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците. Собранието го основа Комитетот, кој е составен од 19 члена, од кои по седум члена од редот на пратениците во Собранието Македонци и Албанци и по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Во случај некоја од заедниците да нема пратеници, Народниот правобранител, по консултации со

---

[39] Извештај за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2012 година, Народен правобранител на Република Македонија, Скопје, 2013. стр. 2

[40] Извештај по однос на состојбата за имплементација на сите политики што призлегуваат од Охридскиот рамковен договор, Секретеријат за спроведување на Охридски рамковен договор, Влада на Република Македонија, Скопје, 2012, стр.58

[41] Секретаријат за имплементација на рамковен договор. Достапно на: http://siofa.gov.mk/content/?1BA0C890D2009AA985E7CF02AF628BD53EC13BCA

[42] Котевска, Билјана. „Ефективно политичко учество на помалите етнички заедници во локалната самоуправа во Република Македонија: влијание на охридскиот рамковен договор“, Студиорум, Скопје, ст. 51

релевантните претставници на тие заедници, ќе ги предложи другите членови на Комитетот[43].

Надлежностите на Комитетот вклучуваат разгледување на прашањата во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија, а особено, меѓу другото, имплементацијата на принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните што им припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и во другите јавни институции на сите нивоа[44]. Понатаму, тој дава предлози и мислења за разрешување на овие прашања и ги доставува до Собранието[45].

**Агенција за остварување на правата на заедниците** – Во 2008 се донесе Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците што се помалку од 20% од населението на Република Македонија. За спроведување на овој закон, како и за вршење надзор над спроведувањето на законите со кои се уредуваат правата на припадниците на заедниците што се помалку од 20%, се основа Агенција за остварување на правата на заедниците[46]. Агенцијата почна со работа при крајот на 2009 година.

Во овој закон се утврдува дека за припадниците на заедниците што се помалку од 20% при вработувањето во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа се применува начелото на соодветна и правична застапеност[47]. Од ова произлегува дека Агенцијата се грижи за имплементацијата на оваа одредба. Понатаму, Агенцијата ја поддржува Владата во реализацијата на стратегиски приоритети поврзани со обврските што произлегуваат од Уставот на Република Македонија и законите, а особено за обезбедување на соодветна и правична застапеност на граѓаните што се припадници на заедниците во органите на државната управа[48]. Меѓу другите институции, Агенцијата својата работа ја усогласува со работата на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор[49].

Во 2006 година беше формиран Комитет на министри за следење и координација на активностите што се однесуваат на подобрувањето на соодветната и правична

---

[43] Амандман XII, Устав на Република Македонија, 2001, достапно на: http://www.sobranie.mk/?ItemID=A431BEE83F63594B8FE11DA66C97BEAF

[44] Чл.9, Закон за Комитетот за односи меѓу заедниците, Службен весник бр. 150/2007.

[45] Ibid. чл.10

[46] Чл.2, Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија, Службен весник бр. 92/2008.

[47] Ibid. чл.4

[48] Ibid. чл.13

[49] Ibid. чл.15

застапеност на припадниците на етничките заедници во органите на државната управа и во јавните претпријатија[50].

[50] Извештај по донос на состојбата за имплементација на сите политики што призлегуваат од Охридскиот рамковен договор, Секретаријат за спроведување на Охридски рамковен договор, Влада на Република Македонија, Скопје, 2012, стр.18

## II. Методологија

Иницијално беше направено истражување на постојната стручна литература и на легислативата во Република Македонија, со посебен фокус на идентификување на постојните одредби, како и клучните прашања и предизвици што се однесуваат на примената на начелото на соодветна и правична застапеност. Иако Народниот правобранител публикува годишен извештај за соодветна и правична застапеност во јавниот сектор и постојат одредени квалитативни истражувања на оваа тема, кои се ограничени на мислењата на припадниците на „елитите“, беше констатирано дека досега не е спроведено истражување со кое би се истражиле мислењата на припадниците на пошироката јавност за примената на начелото на соодветна и правична застапеност во однос на нивните етнички заедници. Сметајќи дека перцепциите на граѓаните се од суштинско значење за проценката на успешноста на еден концепт, како и за градењето хармонични односи во една држава, сметавме дека ваков тип истражување ќе придонесе кон тековната политичка и научна дебата.

Врз основа на резултатите од истражувањето наведено претходно беше дизајниран анкетен прашалник наменет за прибирање информации за ставовите на граѓаните во поглед на примената на начелото за соодветна и правична застапеност. Прашалникот се состоеше од комбинација на ликерт скала, рангирање, „избери сé што е соодветно“ и отворени прашања. Имаше вкупно 12 прашања, кои содржеа 26 индивидуални единици, кои, пак, беа поделени во два дела: а) Соодветна и правична застапеност и б) Основни информации за испитаниците. Прашалникот беше дизајниран да обезбеди одговори на следниве прашања:

1. Дали начелото на соодветна и правична застапеност се применува во однос на припадниците на сопствената етничка заедница на:
    i. централно ниво – нераководни места;
    ii. централно ниво – раководни места;
    iii. локално ниво – нераководни места;
    iv. локално ниво – раководни места.
2. Кои се причините за непримена на начелото на соодветна и правична застапеност во однос на сопствената етничка заедница?
3. Кои извори на информации се користат за информирање за соодветната и правична застапеност на сопствената етничка заедница?
4. Начини на кој може да се постигне подобра претставеност на сопствената етничка заедница?

Со оглед на тоа дека анкетата требаше да се спроведе на испитаници од различни социјални категории, се сметаше дека во воведот на прашалникот треба да се обезбеди дефиниција на начелото на соодветна и правична застапеност, со што би се приближил овој концепт до граѓаните, а во исто време би се обезбедило испитаниците да имаат исто разбирање за тоа што преставува начелото. Начелото на соодветна и правична застапеност беше дефинирано на следниот начин „етничката структура во Република Македонија треба да биде одразена во државните и во локалните органи, како на

нераководните така и на раководните места, почитувајќи го, притоа, критериумот за стручност и компетентност.“ (Прашалникот што беше употребен во истражувањето се наоѓа во анексот.)

Согласно активностите предвидени во рамки на проектот „БОНА МЕНТЕ: Подобрување на вклученоста на немнозинските заедници на локално ниво преку Комисиите за односи меѓу заедниците“, истражувањето беше предвидено да се спроведе во оние општини во кои најмалку 20% од вкупниот број на жители на општината се припадници на одредена етничка заедница. Во согласност со овој критериум, истражувањето се спроведе во следните општини: Бутел, Чаир, Шуто Оризари, Брвеница, Дебар, Долнени, Зелениково, Јегуновце, Кичево, Крушево, Куманово, Маврово-Ростуше, Петровец, Сопиште, Струга, Тетово, Чашка и Чучер-Сандево. Градот Скопје беше опфатен на тој начин што истражувањето се спроведе во три скопски општини (Чаир, Бутел и Шуто Оризари).

Следната фаза во истражувањето беше утврдување примерок. Случајните техники на одредување на примерокот (probability sampling techniques) ќе беа мошне непрактични за ова истражување, бидејќи рамките за одредување на примерокот не беа достапни и населението беше многу дисперзирано. Од овие причини, се определивме за намерно одредување на примерокот (non-probability sampling) или, поточно, за примерок со цел (purposive sample) или поинаку именуван како примерок заснован на субјективниот суд на истражувачот (judgmental sample). Овој метод на избор на испитаниците може да обезбеди корисни информации, иако не обезбедува репрезентативност, односно од него не може да се генерализира на целата популација.

Беше одлучено да се анкетираат само припадниците на етничките заедници што се наведени во Уставот на Република Македонија, т.е. Македонци, Албанци, Турци, Власи, Срби, Роми и Бошњаци. Другите етнички заедници, како поради нивниот мал процент (1%) така и од практични причини, не беа вклучени во истражувањето.

Беа анкетирани само граѓаните што се малцинство во односната општина, односно Македонците беа анкетирани само во седум општини каде што тие се малцинство, Албанците во единаесет општини каде што се малцинство и Ромите не беа анкетирани во општина Шуто Оризари бидејќи тие се мнозинство во таа општина. Идејата беше сите испитаници да имаат заеднички деноминатор, а тоа е дека се малцинство во нивната општина. На овој начин добивме претстава за примената на начелото на соодветна и правична застапеност во однос на заедниците што се малцинство во нивната општина.

Примерок кој би го рефлектирал процентуалното учество на секоја етничка заедница во целокупното население не беше соодветен, бидејќи во ваков случај 85% од примерокот ќе беа Македонци и Албанци, што не беше во согласност со целите на ова истражување, односно подеднакво да се истражат мислењата на сите етнички заедници. Затоа, беше предвидено да има 180 испитаници од секоја етничка заедница.

| Примерок | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **општина** | **етничка заедница** | | | | | | | **вкупно** |
| | **македонска** | **албанска** | **турска** | **влашка** | **српска** | **ромска** | **бошњачка** | |
| **Бутел** | | 16 | 17 | 10 | 15 | 11 | 10 | 79 |
| **Чаир** | 26 | | 21 | | 10 | 24 | 50 | 131 |
| **Шуто Оризари** | 25 | | | | | | 10 | 35 |
| **Брвеница** | 25 | | 17 | | | | | 42 |
| **Дебар** | 25 | | 17 | | | 25 | | 67 |
| **Долнени** | | 20 | | | | | 40 | 60 |
| **Зелениково** | | 16 | | | | | 10 | 26 |
| **Јегуновце** | | 17 | | | 9 | | | 26 |
| **Кичево** | 27 | | 17 | | 10 | 25 | | 79 |
| **Крушево** | | 16 | 10 | 100 | | | 10 | 136 |
| **Куманово** | | 19 | 10 | 10 | 80 | 49 | | 168 |
| **Маврово-Ростуше** | | 16 | 17 | | | | | 33 |
| **Петровец** | | 16 | | | 10 | 10 | 30 | 66 |
| **Сопиште** | | 16 | 10 | | | | | 26 |
| **Струга** | 27 | | 17 | 61 | 10 | 10 | 10 | 135 |
| **Тетово** | 26 | | 17 | | 10 | 25 | 10 | 88 |
| **Чашка** | | 16 | 10 | | | | | 26 |
| **Чучер - Сандево** | | 16 | | | 25 | | | 41 |
| **вкупно** | 181 | 184 | 180 | 181 | 179 | 179 | 180 | 1264 |

Прашалникот беше диструбуиран во „хартија и молив формат“, односно испитаниците требаше самостојно да го пополнат. Теренското истражување беше спроведено од страна на организациите-соработници во проектот: Центар за меѓукултурен дијалог – Куманово, Центар за развој на заедницата – Кичево, Здружение Асоцијација за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси во Македонија „Женска акција”-Скопје, Здружение за развој и активизам “Аква“ – Струга, Здружение за економски развој АДОРА – Тетово, Фондација за развој на локалната заедница – Штип, Центар за едукација и развој – Теарце, Здружение за развој на ромската заедница Сумнал – Скопје и Младински културен центар – Битола. Теренското истражување беше спроведено во периодот од 16 септември 2013 до 4 октомври 2013.

Анализата на податоците беше спроведена со користење на SPSS 19.0 (Statistical Package for Social Sciences – Статистички пакет за општествени науки), додека за отворените прашања беше применета квалитативна анализа. Дескриптивни статистички операции (униваријатни и биваријантни статистики) беа извршени на податоците од затворените прашања. Биваријатните статистики беа направени со варијаблата етничка заедница,

бидејќи, меѓу другото, целта на истражувањето беше да утврди дали постојат разлики меѓу етничките групи во перцепцијата за примената на начелото на соодветна и правична застапеност во однос на нивната етничка заедница. Понатаму, инференцијалните (inferential) статистики беа истражени.

# III. Резултати од униваријатните анализи

## 1-6. Социодемографски карактеристики на примерокот

Резултатите презентирани во табелите и во графиконите во деловите од 1 до 6 ги опишуваат социодемографските карактеристики на примерокот, кој се состои од 1266 испитаници според шест димензии: возраст (1), пол (2), етничка заедница (3), образование (4), месечни примања (5) и општина (6).

**1. Возраст:** Од вкупно 1265 испитаници што го одговориле ова прашање, 37,9% се на возраст меѓу 31 и 45 години, 29,1% се на возраст меѓу 46 и 60 години, 24,6% се на возраст меѓу 18 и 30 години и најмала е групата (8,4%) на оние што ѝ припаѓаат на категоријата над 61 година.

| Табела 1. Возраст | | |
|---|---|---|
| **возрасни групи** | **број на испитаници** | **процент** |
| **18-30** | 311 | 24,6 |
| **31-45** | 480 | 37,9 |
| **46-60** | 368 | 29,1 |
| **61+** | 106 | 8,4 |
| **Вкупно** | 1265 | 100,0 |



**2. Пол:** Од вкупно 1261 испитаници што го одговориле ова прашање, 56,4% се мажи, а 43,6% се жени.

| Табела 2. Пол | | |
|---|---|---|
| **пол** | **број на испитаници** | **процент** |
| **машки** | 711 | 56,4 |
| **женски** | 550 | 43,6 |
| **вкупно** | 1261 | 100,0 |

**Графикон 2. Пол**



**3. Етничка заедница:** Од вкупно 1264 испитаници што одговориле на ова прашање, 14,6% се Албанци, следуваат Македонците и Власите со по 14,3%, многу блиску се Турците, Србите, Ромите и Бошњаците со по 14,2%.

| Табела 3. Етничка заедница | | |
|---|---|---|
| **етничка заедница** | **број на испитаници** | **процент** |
| **македонска** | 181 | 14,3 |
| **албанска** | 184 | 14,6 |
| **турска** | 180 | 14,2 |
| **влашка** | 181 | 14,3 |
| **српска** | 179 | 14,2 |
| **ромска** | 179 | 14,2 |
| **бошњачка** | 180 | 14,2 |
| **вкупно** | 1264 | 100,0 |



**4. Образование:** Од вкупно 1257 испитаници што одговориле на ова прашање, половина (49,9%) завршиле средно образование, околу 1/3 (32,9%) – високо образование и нешто помалку од 1/5 (17,2%) – основно образование.

| Табела 4. Образование | | |
|---|---|---|
| **ниво на образование** | **број на испитаници** | **процент** |
| **основно** | 216 | 17,2 |
| **средно** | 627 | 49,9 |
| **високо** | 414 | 32,9 |
| **вкупно** | 1257 | 100,0 |



**5. Месечни примања:** Од вкупно 1248 испитаници што одговориле на ова прашање, малку повеќе од половина (51,5%) се наоѓаат во категоријата до 9.000 денари, далеку зад нив (37%) е категоријата на испитаници што имаат месечни примања од 9.001 до 20.000 денари и дефинитивно најмала е категоријата испитаници што има месечни примања над 20.001 денари (11,5%).

| Табела 5. Месечни примања | | |
|---|---|---|
| **месечни примања** | **број на испитаници** | **процент** |
| **до 9.000 ден** | 643 | 51,5 |
| **9.001-20.000 ден** | 462 | 37,0 |
| **над 20.001 ден** | 143 | 11,5 |
| **вкупно** | 1248 | 100,0 |



**6. Општина:** Во поглед на тоа од која општина се испитаниците, 13,4% се од Куманово, потоа следуваат Крушево и Струга (10,7% од секоја општина), Чаир (10,3%), Тетово (7%), Бутел и Кичево (6,2% од секоја општина), Дебар (5,3%), Петровец (5,2%), Долнени (4,7%), Брвеница (3,3%), Чучер Сандево (3,2%), Шуто Оризари (2,8%), Маврово-Ростуше (2,6%) и Зелениково, Јегуновце, Сопиште и Чашка (2,1% од секоја општина)

| **Табела 6. Општина** | | |
|---|---|---|
| **општина** | **број на испитаници** | **процент** |
| **Бутел** | 79 | 6,2 |
| **Чаир** | 131 | 10,3 |
| **Шуто Оризари** | 35 | 2,8 |
| **Брвеница** | 42 | 3,3 |
| **Дебар** | 67 | 5,3 |
| **Долнени** | 60 | 4,7 |
| **Зелениково** | 26 | 2,1 |
| **Јегуновце** | 26 | 2,1 |
| **Кичево** | 79 | 6,2 |
| **Крушево** | 136 | 10,7 |
| **Куманово** | 170 | 13,4 |
| **Маврово-Ростуше** | 33 | 2,6 |
| **Петровец** | 66 | 5,2 |
| **Сопиште** | 26 | 2,1 |
| **Струга** | 135 | 10,7 |
| **Тетово** | 88 | 7,0 |
| **Чашка** | 26 | 2,1 |
| **Чучер Сандево** | 41 | 3,2 |
| **вкупно** | 1266 | 100,0 |




**7-10. Примена на начелото на соодветна и правична застапеност**

Деловите 7, 8, 9 и 10 даваат преглед на мислењата на испитаниците за тоа дали начелото на соодветна и правична застапеност се применува или не се применува во однос на припадниците на нивната етничка заедница во органите на централната и на локалната власт, како на нераководните така и на раководните работни места. За анализа на резултатите, позитивните одговори („се применува“ и „делумно се применува“) и негативните одговори („не се применува“ и „делумно не се применува“) беа комбинирани во две посебни групи. Сите одговори, вклучувајќи ги и одговорите „неутрално“ и „не знам“ се прикажани во табелите и графиконите подолу (од 7 до 10).

**7. Нераководни работни места во органите на државната власт (министерства, судови, јавна администрација, итн.):** Вкупниот процент испитаници што имаат одговорено „се применува“ или „делумно се применува“ (заедно 34,8%) е помал (-5,1%) од оние што одговориле „не се применува“ или „делумно не се применува“ (заедно 39,9%). 14,1% одговориле дека начелото се применува „неутрално“, додека 11,2% изјавиле дека не знаат дали начелото се применува.

